Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-161/10
07-05-2024 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-161/1 од 7.2.2024 година поднесена од група на вработени во Управата за јавни приходи, против Синдикатот на УПОЗ, за извршена дискриминација врз основа на друго уверување во областа на членување и дејствување во синдикални, политички партии, здруженија на граѓани и фондации или други организации засновани на членство, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 22.3.2024 година го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на друго уверување во областа на членување и дејствување во синдикални, политички партии, здруженија на граѓани и фондации или други организации засновани на членство сторена од страна на Синдикатот на УПОЗ врз група вработени во Управата за јавни приходи.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација преку полномошник адвокат
поднесени се претставки од повеќе подносители, односно од

заведени редоследно со архивски број од 08-161 до и заклучно со 08-216/1, за сторена дискриминација врз основа на друго уверување во областа на членување и дејствување во синдикални, политички партии, здруженија на граѓани и фондации или други организации засновани на членство од страна на Синдикатот на УПОЗ.

Подносителите на претставките за заштита од дискриминација наведуваат дека веќе неколку години наназад имаат неуспешни обиди за истапување од Синдикатот на УПОЗ, поради фактот што не им е дозволено од страна на одговорните лица, за што тврдат дека е спротивно на статутот на Синдикатот на УПОЗ и гранскиот колективен договор кој е потпишан од нивна страна. Притоа, подносителите истакнуваат дека на други поранешни членови на Синдикатот селективно им е уважено барањето за истапување и истите истапиле од Синдикатот.

Во продолжение на претставката, наведено е дека ваквите активности се спроведувани од страна на овластените лица во Синдикатот на УПОЗ во соработка со претседателката на синдикалната

организација на УПОЗ – за која наведуваат дека 70 % од членовите во јули 2023 година со писмен допис до неа и до УПОЗ се произнеле дека истата не е легитимна и дека не ја прифаќаат како претседателка, особено поради тоа што не постапува по рокови утврдени во Статутот и Гранскиот колективен договор, во врска со што тврдат дека на други лица кои биле дел од Синдикалната организација на УПОЗ им ги уважува барањата за истапување – имено лицата ' во периодот по мај 2022 година. Дополнително на ова, подносителите наведуваат дека нивните барања се одбиени поради оствареното право на регрес, односно исплата која се врши на сите вработени, а не само на оние кои се дел од синдикалната организација. Оттука, наведено е и дека не се применува член 33 од Гранскиот Колективен договор согласно кој подносителите тврдат дека во целост ги исполнуваат условите за истапување од Синдикатот, при што Синдикатот на УПОЗ применува одредба донесена во 2022 година – член 19 од Статутот, која е понеповолна и донесена неколку години по пристапување на подносителите на претставката за заштита од дискриминација кон Синдикатот, кое било направено согласно тогашните услови кои подносителите ги прифатиле со потпишување на пристапница од нивна страна, истакнувајќи дека при промената на Статутот немале можност да ги прифатат или да се произнесат по новодонесените одредби кои уредуваат дополнителни изменети услови, од причина што претставниците на подносителите биле тенденциозно исклучени и разрешени од телата на Синдикалната организација, со цел создавање на состојбата со која истите се соочуваат денес. Оттука, во претставката е цитиран член 18 од Статутот согласно кој *„Членот истапува од синдикатот по слободно изразена волја со поднесување на писмена изјава преку претседателот на Синдикалната организација до синдикатот на УПОЗ."*

На ден 8.2.2024 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставено доуредување од страна на полномошникот адвокат за поднесените претставки против Синдикатот на УПОЗ заведени од арх. бр. 08-161 до арх. бр. 08-216. Во поднесокот е наведено дека согласно известувањата за извршениот инспекциски надзор од страна на Државниот инспекторат за труд, констатирана е неможност на подносителите самостојно и слободно да истапат од синдикатот, при што адвокатката на подносителите на претставките за заштита од дискриминација наведува дека тие се дискриминирани во однос на други лица – членови на Синдикатот на УПОЗ на кои им е овозможено да истапат од синдикатот.

Во продолжение на доуредувањето, наведено е дека по направената промена на Статутот во февруари 2022 година, од страна на овластени лица на Синдикатот на УПОЗ се прифатени барањата за истапување на кој дополнително имал искористено право од Солидарниот фонд на Синдикатот на УПОЗ. Оттука, истакнато е дека и при инспекцискиот надзор извршен од страна на Државниот инспекторат за труд е утврдено дека барањата за истапување од синдикатот на предметните лица се изгубени и синдикатот не може да овозможи увид во истите. Во продолжение, образложени се причините поради кои подносителите на претставките поднеле и барања за истапување од Синдикатот, кои се однесуваат на начинот на работа на раководството на синдикатот, неправичната распределба на членарината, ограничениот пристап на членовите на синдикатот до неговите средства, злоупотреби на паричните средства од страна на раководството на синдикатот и останати причини.

Дополнително се истакнати наводи во однос на распишаните избори за Синдикатот на УПОЗ во ноември 2021 година, наведувајќи дека изборните резултати и волјата на членовите на синдикатот не биле испочитувани од страна на членството, со тоа што бил исклучен повторно избраниот претседател на синдикалната организација

Во доуредувањето на претставката дополнително е наведено дека од страна на овластени лица на синдикатот и полномошникот на членовите, во постапката за истапување од членство е направен договор за начинот на истапување, при што од страна на синдикатот на УПОЗ се врши прием на поднесок со групен список. На вака договорениот начин во 2021 и 2022 година истапиле повеќе од 400 членови на синдикатот, при што наведено е дека не било процесирано ниту едно барање од оние на подносителите на претставката за заштита од дискриминација, од причина што во конкретниот момент не ги исполнувале условите од член 19 од Статутот на Синдикатот на УПОЗ кој гласи *„Членот на Синдикатот кој користел средства од Солидарниот фонд или било која погодност или бенефиција од Синдикатот, не може да истапи пред истекот на две години од моментот на добивање на средствата, односно од датумот на конечна исплата на средствата доколку користел позајмица“*. Имајќи го предвид фактот дека не сите подносители на барањата за истапување добиле одговор на истите, во доуредувањето е истакнато дека на оние подносители кои добиле одговор од страна на Синдикатот им било доставено известување дека нивните барања се одбиени врз основа на направени измени и дополнувања на Статутот на Синдикатот на УПОЗ во месец февруари 2022 година, за кои преостанатите членови не биле информирани, ниту пак имале можност за произнесување по однос на предметните измени и дополнувања. Оттука, образложението зошто барањата за истапување не им се прифатени се состои во тоа што тие оствариле право на регрес, т.е. право од член 21 од Гранскиот колективен договор потпишан помеѓу Синдикатот на УПОЗ и Министерството за информатичко општество и администрација, со што тврдат дека на подносителите им е попречено правото на слободно членување во синдикална организација. Следствено, истакнати се наводи дека со оглед на фактот дека правото на регрес го остваруваат сите вработени, а не само членовите на Синдикатот, членовите на синдикатот се доведени во понеповолна положба во однос на останатите вработени.

На крајот на доуредувањето на претставката, од страна на адвокатката полномошник на подносителите е наведено дека на нивните барања за истапување од Синдикатот е одговорено надвор од законски предвидениот рок, при што од страна на претседателката на Синдикатот на адвокатката ѝ е вратена целокупната документација со допис кој немал датум на изготвување и е доставен 40 дена по истекот на рокот за одговор на барањата.

Во прилог на претставката и доуредувањето беа доставени и:

- Известување од Државниот инспекторат за трудот ИП број 09-248 од 10.3.2023 година;
- Известување од Државниот инспекторат за трудот ИП број 0907-721 од 7.7.2023 година;
- Барање за исправка на техничка грешка во содржината на Статутот на Синдикатот на УПОЗ бр. 0302-444/1 од 16.11.2017 година поднесено од страна на претседателот на синдикалната организација на УЈП;
- Барање за информација од 29.11.2019 година поднесено од страна на претседателот на синдикалната организација на УЈП;
- Предлог за изменување и дополнување на одлуки донесени од страна на Синдикатот на УПОЗ од 20.10.2021 година;
- Кореспонденција помеѓу претседателот на синдикалната организација на УЈП и Синдикатот на УПОЗ од 3.11.2021, 15.11.2021, 16.11.2021 и 19.11.2021 година;
- Записник од Собрание на Синдикалната организација на УЈП од 4.11.2021 година;
- Записник од 28. Седница на претседателството на Синдикатот на УПОЗ од 20.10.2021 година;
- Записник од 29. Седница на претседателството на Синдикатот на УПОЗ од 15.11.2021 година;
- Известување од Синдикатот на УПОЗ до претседателот на синдикалната организација при УЈП бр. 0302-568/1 од 16.11.2021 година;

- Одлука за исклучување на Васе Неданоски од членство во Синдикатот на УПОЗ бр. 0201-525/3 од 15.11.2021 година;
- Статут на Синдикатот на УПОЗ;
- Поднесоци од полн. адвокат за иступување на членови од Синдикатот на УПОЗ вработени во УЈП бр. 0302-628/1 од 1.12.2021, 0302-633/1 од 6.12.2021, поднесоци од 21.12.2021 и 27.1.2022 година;
- Одговор на Синдикатот на УПОЗ во врска со поднесок за иступување бр. 0302-750/1 од 4.11.2022 година;
- Кореспонденција помеѓу претседателката на синдикалната организација на УЈП при УПОЗ и полн. адв. од 30.5.2023, 6.6.2023 година;

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на ден 26.2.2024 година донесе Заклучок бр. 08-161/3 со кој започнатите постапки за заштита од дискриминација по претставките со бр. 08-161 па редоследно до и заклучно со бр. 08-216 од 7.2.2024 година се спојуваат во една постапка, односно во постапката со број на предмет 08-161 од 7.2.2024 година, од причина што содржината на горенаведените претставки се однесуваше на иста правна работа.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 29.2.2024 година испрати Известување бр. 08-161/4 за произнесување по наводите од претставката до Синдикатот на УПОЗ.

На ден 7.3.2024 година во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од страна на Синдикатот на УПОЗ како одговор на претставката заведено под арх. бр. 08-161/5.

Во произнесувањето е наведено дека барањата за иступување од Синдикатот на УПОЗ, поднесени од подносителите на претставките за заштита од дискриминација се изработени врз основа на претходно наведениот член 19 став 2 од Статутот на Синдикатот на УПОЗ, кој гласи *„Членот не може да иступи од Синдикатот на УПОЗ и во случаите кога користел право од Колективен договор, потпишан од Синдикатот на УПОЗ или право од работен однос регулирано со друг документ (Спогодба, Договор и слично) ако со тие права членот добил финансиски бенефит или подобрување на неговиот статус на работното место, како и правна помош при учество во судски спорови, дисциплински постапки и други правни постапки во кои членот бил застапуван од Синдикатот на УПОЗ“*, како и став 3 од претходно споменатиот член кој гласи *„Доколку членот користел права од ставовите 1 и 2 од овој член, не може да иступи во период од три години од денот на поднесување на барањето за иступување“*.

Оттука, од страна на потенцијалниот дискриминатор е посочено дека подносителите на претставките за заштита од дискриминација во 2022 година оствариле финансиско право кое е предвидено со Гранскиот колективен договор за органите на државната управа, стручните служби на Владата на РСМ, судовите, јавните обвинителства, казнено поправните и воспитно поправните установи, државното правобранителство, општините, градот Скопје и општините во градот Скопје, агенциите фондовите и другите органи засновани од Собранието на РСМ, при што истакнуваат дека доколку Синдикатот на УПОЗ и Министерството за информатичко општество и администрација не го склучиле Гранскиот колективен договор, на подносителите на претставката за заштита од дискриминација не би им било овозможено да го остварат правото на регрес за годишен одмор, бидејќи истото е предвидено во Колективниот договор.

Во однос на компараторите кои се наведени во претставката за заштита од дискриминација, од страна на Синдикатот на УПОЗ образложуваат дека лицата

поднеле барања за истапување од Синдикатот пред измената на неговиот Статут која настанала во февруари 2022 година, наведувајќи дека поради големиот наплив на истапници од страна на членовите на Синдикатот на УПОЗ вработени во УЈП, предметните барања за истапување биле изгубени, при што по нив било постапено по реакција на погоре именуваните вработени, односно нивните барања за истапување биле одобрени. Во врска со ова, во прилог на произнесувањето е доставен и записник за извршен инспекциски надзор од страна на Државниот инспекторат за труд бр. 0907-721 од 30.6.2023 година, во кој е констатирано дека:

*„ Од страна на инспекторот побарано е произнесување во врска со наведеното и побарани се на увид барањата за истапување од Синдикатот на УПОЗ поднесени од наведените лица i одлуките на Синдикатот на УПОЗ по поднесените барања. Во врска со истото, присутното лице при надзорот изјави дека наведените лица имале поднесено барања за истапување од Синдикатот на УПОЗ пред промената на членот 19 од Статутот односно пред 24.2.2022 година, но дека во тој период имало многу поднесени барања за истапување од Синдикатот на УПОЗ и барањата на наведените лица се изгубиле поради што и Синдикатот на УПОЗ не постапил по барањата веднаш, но откако наведените лица реагирале зошто по нивните барања не е постапено и изјавиле дека своите барања ги имаат поднесено на крајот на 2021 година, Синдикатот на УПОЗ одлучил да ги прифати барањата за истапување."*

Во врска со претходно наведеното, во произнесувањето целосно се отфрлаат наводите од претставките за заштита од дискриминација со образложение дека подносителите оствариле финансиски права предвидени во Гранскиот колективен договор, при што согласно член 19 од Статутот на Синдикатот на УПОЗ не можат да бидат испишани од синдикатот.

На крајот на произнесувањето, од страна на Синдикатот на УПОЗ се повикуваат на Мислење бр. 08-17/2 од 28.2.2024 година на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Земајќи ги предвид наводите во претставката, произнесувањето по истата, како и прибавените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не станува збор за извршена дискриминација од страна на Синдикатот на УПОЗ врз група вработени во УЈП кои членуваат во Синдикатот, согласно **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** кој гласи:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите".*

Комисијата утврди дека во конкретниот случај подносителите на претставката за заштита од дискриминација не докажаа дека наведените компаратори се наоѓаат во иста фактичка ситуација како и нив, односно дека барањата за истапување од Синдикатот на УПОЗ било поднесени по измената на статутот на Синдикатот во февруари 2021 година, што е дополнително констатирано и во Записникот за извршен инспекциски надзор од страна на Државниот инспекторат за труд бр. 0907-721 од 30.6.2023 година.

Оттука, Комисијата утврди дека во конкретниот случај не станува збор за разликување помеѓу наведените вработени кои успешно истапиле од Синдикатот на УПОЗ и подносителите на

претставката за заштита од дискриминација чии барања за иступување биле одбиени. Имајќи го предвид фактот дека двете наведени групи на вработени не се наоѓаат во иста фактичка ситуација, односно, ги поднеле барањата во различен временски период, со тоа што оние барања кои биле поднесени пред измените на Статутот на Синдикатот на УПОЗ биле прифатени, за разлика од оние кои биле поднесени по неговата измена, кои поради фактот што вработените – подносители не ги исполнувале условите за иступување од Синдикатот на УПОЗ согласно новите измени на Статутот, не биле одобрени.

Согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, а во врска со член 27 став (1) од истиот Закон, врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Скопје
7.5.2024

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:
- Полномошник адвокат
- Синдикат на УПОЗ, ул. „Мирче Ацев" бр. 6, 1000 Скопје